Република Македонија
Национална установа
Центар за култура
"МАРКО ЦЕПЕНКОВ"
Бр. 04-265/27
16.09 2022 год
Прилеп

Врз основа на член 77-ж од Законот за култура, член 21 од Законот за работни односи, Записникот бр.04-265/22 од 15.09.2022 година на Комисијата за вработување, а во врска со Одлуката за објавување на јавен оглас бр.02-265/1 од 31.08.2022 година и Јавниот оглас бр.1/2022 од 02.09.2022 година, на 16.09.2022 година се донесува следната:

**ОДЛУКА ЗА ИЗБОР**
**За вработување на неопределено време, на 1 (едно) лице, на работно место Работник за обезбедување, по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас бр.1/2022 од 02.09.2022 годинам и спроведена постапка за вработување на 1(едно) лице, на неопределено време, на работно место работник за обезбедување, се избира кандидатот.
   - Жарко Велендериќ
2. Врз основа на оваа Одлука, ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат од точка 1 од оваа Одлука ќе се потпише договор за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на Согласност од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на неопределено време на 1 (едно) лице, на работно место работник за обезбедување, број 18-7264/2 од 25.07.2022 година е донесена Одлука за објавување на јавен оглас бр. бр.02-265/1 од 31.08.2022 година. Врз основа на одлуката објавен е јавен оглас бр.1/2022 од 02.09.2022 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“.

По огласот, во Архивата на НУЦК„Марко Цепенков“-Прилеп беше доставена 1 (една) пријава.

Комисијата за вработување формирана со решение бр.04-265/19 од 13.09.2022 година изврши административна селекција и проверка на веродостојност на доказите како и изврши интервју со кандидатот, подготви соодветни записници и ранг листа, и до в.д.директорот достави предлог за избор на кандидат, број 04-265/22 од 15.09.2022 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, в.д.директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

***Правна поука***: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат може да поднесе приговор до Управниот одбор на НУЦК„Марко Цепенков“-Прилеп, во рок од 8 дена од приемот на истата.

Доставено до:- архивата
- кандидатот

НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп
В.д. Директор, Јасмина Мицовска Станкоска